ПЕТАР ХР. ИЛИЕВСКИ
Скопје

УДК 807-05

# ERNST RISCH
## 1911—1988

На 1 септ. о.г. почина надалеку познатиот швајцарски класичен филолог, индоевропеист и микенолог Ernst Risch во својата 77-годишна возраст. Од неговата автобиографија дознаваме дека бил роден на 26 септ. (стар стил), одн. 9 окт. (нов стил) 1911 год. во Москва, каде што го провел своето детство до осумгодишната возраст. Семејството на татко му потекнувало од Чапина (кантон Graubünden) во Швајцарија, но и татко му бил роден и работел во Москва. Мајка му потекнувала од една стара балтиска фамилија која живеела во Одеса. По револуцијата во 1918 год. Ернст со родителите дошол во Швајцарија и се настанил во Цирих, каде што започнале нов живот во друга средина. Во Цирих R. го завршил основното и средното образование — класична насока со грчки јазик и литераратура. На своите наставници од гимназијата: H. Pestalozzi, G. Billeter и W. Hardmeier им бил благодарен целиот свој живот.

По матурирањето во 1930 тој многу се колебал што да студира. Ја сакал физиката, но исто така многу рано кај него се пробудила наклоност кон лингвистички студии. Бидејќи од рана возраст усвоил два јазика: руски и германски, тој често правел конфронтации помеѓу нив. Како ученик во гимназијата се обидувал да напише и граматика на циришкиот германски. Оваа наклоност претегнала и се запишал на општа историја и класична филологија. На студиите бил фасциниран од Manu Leumann којшто имал ретка способност да ги излага јазичните проблеми просто и јасно. Интересот што му го разбудил Leumann, всушност му го определил и неговиот понатамошен пат. Во учебната 1932/33 год. преминува во Минхен, каде што бил воведен пошироко во индоевропското јазикознание од F. Sommer во хетитскиот, а од E. Berneker во славистиката и балтиските јазици. Во 1935 год. ги завршил студиите и ја одбранил summa cum laude својата докторска дисертација од областа на индоевропското јазикознание и класичната филологија за *Зборообразувањето на хомерскиот јазик* (*Wortbildung der homerischen Sprache*), објавена во 1937 год. и потоа општоприфатена како стандарден прирачник по оваа материја.

По завршувањето на студиите и докторирањето не му било лесно да најде работа. Отпрвин предавал во разни интернати и кантонски школи, а во 1939 бил назначен за гимназиски наставник во Цирих. Тогаш започнал да размислува и за својата хабилитација, но бидејќи веднаш по тоа започнала војната,често бил прекинуван во неговите студии. Голем дел од својот хабилитациски труд *Griechische Determinativ-komposita* му бил напишан во стражарски простории кога се наоѓал на воена служба. Зимата во 1941/42 г. тој веќе можел да го поднесе својот труд за оцена. Трудот му бил објавен во 1944 и 1949 г.

Од летниот семестар во 1942 г., покрај наставата во гимназијата, тој држел и по два часа на факултет во својство на „приватен доцент“. Но поради воената служба предавањата често ги прекинувал. Од посебно значење за неговата научна ориентација во тоа време било личното запознавање со E. Benveniste, J. Pokorny i K. Tschenkéli (автор на Грузиско-германски речник).

По војната продолжил да предава во гимназијата и да држи по два часа на факултетот како „приватен доцент“. Есента во 1950 г. бил поканет од Fr. Specht да предава на Универзитетот во Мајнц. Но во разрушениот од војната град немал така добри услови за живот и научна работа, па набргу се вратил во Цирих.

Уште порано овде дошол во контакт со професори кои се занимавале со германската дијалектна географија, што му дало повод и тој да се посвети на старогрчките дијалекти. Оваа проблематика подоцна станува една од главните негови преокупации. Над таа материја тогаш работел и W. Porzig, но сосема независно од него R. ја изложил својата теза за развојот на грчките дијалекти и дал класификација која се разликува од дотогашните традиционални сфаќања. Трудот *Altgriechische Dialektgeographie?* му излегол во 1949 г., но подоцна тој претрпел извесни модификации и дополнувања.

Во 1953 г. се запознал со дешифрирањето на линеарното Бе писмо и со микенскиот грчки јазик. Тоа му го проширило видикот за подредување на грчките дијалекти. Во 1955 год. ја објавува својата значајна студија *Die Gliederung der griechischen Dialekte in neuer Sicht*, каде што е знатно проширена и продлабочена со нови факти од микенскиот неговата *Старогрчка дијалектна географија* од 1949 г.

Од особено големо значење за неговата работа било личното запазнавање со M. Ventris, J. Chadwick и францусните колеги M. Lejeune и P. Chantraine на I микенолошки колоквиум во Gif крај Париз, каде што и самиот реферирал за *Положбата на микенскиот грчки дијалект*. Неговата научно-истражувачка област придобила нови димензии и наполно нов поглед на нештата. Затоа со сета сила се концентрира на микенскиот грчки, оставајќи го на позаден план интересот за грчките дијалекти од I милениј и за хетитскиот.

Во 1956 г. бил избран за вонреден професор, но ни тогаш не ја напуштил наполно наставата во гимназијата. Во 1959 г. бил унапреден во редовен професор на Цирішкиот универзитет на местото од M. Leumann. Ангажиран бил и со административни задолженија на факултетот. Во 1972/74 бил и декан на Факултетот, но секогаш наоѓал време и сили за научната работа и за стручно издигање на подмладокот. Во 1974 г. е објавено второто наполно преработено и дополнето издание на неговиот *Wortbildung der homerischen Sprache* и многу други значајни студии. Голем број оригинални идеи, само патем одбележени во неговите трудови, опширно се обработени од негови ученици во магистерски и докторски тези, раководени од него. Ментор бил на околу 40 такви тези. Надалеку е познат неговиот пријателски, дури родителски однос кон помладите, на кои несебично им помагал во нивното стручно усовршување.

Својата благодарност, пак, тие му ја изразија во 1981 г., кога по случај на неговиот 70-ти роденден му издадоа Зборник со избор од негови трудови, *Kleine Schriften* на 783 страни, какви што им се издаваат во Швајцарија само на најзаслужни професори, како E. Schwyzer, M. Leumann и др. По тој повод, во Tabula gratulatoria 70-тиот роденден му го честитаа 390 негови колеги и пријатели од целиот свет. R. учествувал на многубројни меѓународни собири и стекнал голем број пријатели.

Од преку 200 библиографски единици во зборникот *Kleine Schriften* се издадени 58 студии на R., распоредени хронолошки во шест групи според предметот што се третира во нив: 1. Грчкото зборообразување, морфологија и фонологија со 9 прилози; 2. Историја на грчките дијалекти со 8 статии; 3. Грчкиот поетски јазик со 9 статии; 4. Микенскиот и раногрчкиот со 15 прилози; 5. Од латинското јазикознание со 8 статии и 6. За други индоевропски јазици со 10 прилози. Сите негови трудови се одликуваат со ретка научна акрибија, систематичност и интересен начин на излагање, за што поопширно зборуваме во Ж.А. 32,1 (1982), стр. 112—116.

По случај на 75-тиот роденден на R. негови ученици и помлади колеги му издадоа еден Festschrift во меѓународна соработка со прилози од 70 негови колеги од целиот свет под наслов со микенско писмо *O-o-pe-ro-si* /*ho ophelonsi*/ — ὃ ὀφείλουσιν, т.е. „(она) што му должат“. Попогоден наслов не можеа да смислат. На R. му должат не само швајцарските класични филолози, туку такви и од многу други земји. Тој заора длабоки бразди во класиката, и посебно во микенологијата и многу ја задолжи оваа млада дисциплина. Во автобиогравската скица од 1987 год., каде што прави една ретроспектива, тој нагласува дека му е последна желба да го заврши трудот за микенскиот грчки. R. не доживеа да го види објавен тој труд Но по зборовите на неговата сопруга, г-ѓа Vreni Risch, која сегде го придружуваше и активно учествуваше во сите

негови работи, книгата ќе биде дозршена од неговите воспитаници. Од неа добив и други биографски податоци за проф. Risch, за што и должам искрена благодарност.

Проф. Ernst Risch беше научник со широка ерудиција, но пред сè тој беше добар човек и зад себе остави светли спомени. Тој знаеше да биде благодарен за најситни работи и не му беше незгодно да се извини и побара прошка во случај ако пропуштил да направи она што треба. Мене незаборавна ќе ми остане последната средба со него на VIII меѓународен микенолошки колоквиум во Охрид во 1985 г. Тој беше претседател на првата сесија, веднаш по отворањето на Колоквиумот, а претседаваше и на последната која ја заврши на руски со зборовите: До свидания в Афинах 1990!

Физички тој не ќе може да учествува на IX микенолошки колоквиум во Атина, но неговото име и неговите идеи ќе бидат присутни не само на тој собир, туку сè додека се работи научно во областа на класичната филологија и микенологија. Со својата работа во оваа област тој заслужено стекна κλέος ἄφθιτον.

*23 декември 1988.*